# ОПШТИНА БИТОЛА
# ТЕРИТОРИЈАЛНА ПРОТИВПОЖАРНА ЕДИНИЦА

# П Л А Н

**ЗА ИЗВЕДУВАЊЕ НА СТРУЧНА НАСТАВА И ОБУКА СО**

**РАБОТНИЦИТЕ НА ТЕРИТОРИЈАЛНАТА ПРОТИВПОЖАРНА**

**ЕДИНИЦА ПРИ ОПШТИНА БИТОЛА**

**ЗА 2026 ГОДИНА**

Врз основа на точка 3 од Задолжителната инструкција за изведување  на стручна настава со работниците во професионалните ПП единици во состав на органите на локална самоуправа по одобрение на Градоначалникот на Општина Битола, Командирот на ТППЕ Битола, донесува

# ПЛАН

## За изведување на стручна настава и обука со работниците на ТППЕ Битола за 2026 година

Точка 1

Со овој план се утврдуваат наставните предмети, фондот на наставни часови по предметите, распоредот на месечниот фонд на наставни часови, времетраењето на изведувањето на наставата, изведување на практични вежби, утврдувањето на градивото и оценувањето на работниците, начинот на водење на евиденцијата и поднесување на извештаи за реализација напллановите и месечните програми.

Точка 2

Наставата ќе се изведува по наставните предмети:

- Прописи од областа на заштитата од пожари 5 наставни часа,
- ПП опасности и мерки за заштита 10 наставни часа,
- ПП справи и опрема 25 наставни часа,
- ПП тактика 25 наставни часа,
- Практични вежби 101 наставен час,
- Прва Помош 10 наставни часа,
- Учење на улици, хидрантска мрежа и објекти 40 наставни часа,
- Вежби за физичка активност 40 наставни часа,
- Тактичка вежба 08 наставни часа,

Точка 3

Наставата ќе се изведува по следниот месечен распоред:

| Реден број | Наставен предмет | Годишен фонд | Прво тромесечие | Јануари | Февруари | Март | Второ тромесечие | Април | Мај | Јуни | Трето тромесечие | Јули | Август | Септември | Четврто тромесечие | Октомври | Ноември | Декември |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Прописи за заштита од пожари | **5** | 2 | 1 | 1 | 0 | 2 | 1 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 1 | 0 | 0 |
| 2 | ПП опасности и мерки за заштита | **10** | 4 | 2 | 2 | 0 | 3 | 2 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 3 | 0 | 1 | 2 |
| 3 | ПП справи и опрема | **25** | 10 | 6 | 2 | 2 | 7 | 4 | 3 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 8 | 0 | 4 | 4 |
| 4 | ПП тактика | **25** | 10 | 4 | 3 | 3 | 9 | 5 | 4 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 6 | 3 | 0 | 3 |
| 5 | Тактичка вежба | **8** | 0 | 0 | 0 | 0 | 8 | 0 | 8 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 6 | Практични вежби | **101** | 20 | 3 | 7 | 10 | 21 | 2 | 1 | 18 | 40 | 20 | 0 | 20 | 20 | 10 | 5 | 5 |
| 7 | Прва помош | **10** | 0 | 0 | 0 | 0 | 10 | 0 | 0 | 10 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 8 | Улици, хидранти, мрежи и објекти | **40** | 15 | 5 | 5 | 5 | 10 | 5 | 5 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 15 | 5 | 5 | 5 |
| 9 | Вежби за физичка активност | **40** | 15 | 5 | 5 | 5 | 10 | 5 | 5 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 15 | 5 | 5 | 5 |
| | | **264** | 76 | 26 | 25 | 25 | 80 | 24 | 28 | 28 | 40 | 20 | 0 | 20 | 68 | 24 | 20 | 24 |

Вежбите за физичка активност ќе се изведуваат прилагодено со условите.

Точка 4

Наставата ќе се реализира во период од 01.01.2026 do 31.12.2026 година освен месеците: јуни, јули, август и септември кога е предвидено да се изведуваат практични вежби.

Секој работен ден ќе се изведуваат 3-4 наставни часа освен во сабота, недела или државен празник.

Ако поради интервенција за гаснење пожари или други неодложни работи, не се реализира дел од наствата, истата ќе се реализира наредниот ден на соодветната смена, но не во терминот на планираната настава за тој ден.

Точка 5

Наставата ке ја изведува Командирот на единицата и одговорните работници по смени кои по одделни теми ќе ги определи командирот.

Точка 6

Командирот на единицата, врз основа на овој план за изведување на стручна настава со работниците на ТППЕ, најдоцна до 28 во месецот, донесува месечна програма за наредниот месец и е одговорен за нејзино спроведување.

Точка 7

Практичните вежби, покрај основните школски вежби, содржински и концепциски ќе бидат сврзани со наставните предмети: противпожарни справи и опрема и противпожарна тактика, а ќе ги изготвува командирот на единицата.

Точка 8

Во 2026 година ќе бидат изведени тренинг за работа со опрема за технички интервенции, опрема од возило.

Точка 9

Реализираната настава ќе се евидентира во посебна книга со следните податоци: датум и време кога е изведена наставата, наставен предмет, методска единица тема наставник и број на присутни работници на наствата.

Точка 10

Овој План влегува во сила na **01.01.2026** година.

Доставено до:

- ***Општина Битола;***
- ***Градоначалник***
- ***Евиоденција на ТППЕ;***

| ИЗГОТВИЛ | ОДОБРУВА |
|---|---|
| Командир на ТППЕ | Градоначалник на Општина |
| Христијан Тодоровски | Тони Коњановски |